**Услови за секундарна правна помош:**

- Месечниот приход на барателот кој живее сам не го надминува износот на минималната нето плата.
- Месечниот прихот на барателот кој живее во заедничко домаќинство со членовите на неговото семејство не го надминува износот на минималната нето плата и месечниот приход на секој нареден член на семејството не го надминува износот од 20% од минималната нето плата.
- Барателот и членовите на неговото семејство имаат во сопственост само еден едностанбен објект или стан како посебен дел од зграда во кој живеат.
- Барателот и членовите на неговото семејство имаат во сопственост една или повеќе физички поврзани катастарски парцели со вкупна површина не поголема од 500 м2, или една или повеќе катастарски парцели со вкупна површина не поголема од 5000 м² во рурални средини.
- Барателот и членовите на неговото семејство имаат само едно регистрирано моторно возило чија работна зафатнина на моторот не е поголема од 1 200 кубни сантиметри.

**Секундарна правна помош не се одобрува за:** царински и даночни работи, клевета и навреда, надомест на нематеријална штета, освен во случаи за жртви на кривични дела, како и во случај на смрт или тежок инвалидитет, прекршоци, јавни и комунални услуги, имотни прашања во управна постапка.

Секундарната правна помош НЕ ги опфаќа трошоците кои корисникот на бесплатна правна помош е должен да ги надомести на спротивната страна доколку не успее во постапка.

**Организација Жена Делчево** обезбедува и психо-социјална поддршка на корисниците во социјален ризик, со акцент на жените, со цел да се справат со кризните ситуации преку:

- Психо-социјална работа со корисникот и членовите на неговото семејство (советодавна работа).
- Остварување посети во домот на корисникот според утврдените потреби.
- Индивидуална психолошка поддршка и психолошко советување.

**Не двоумете се да побарате помош**
**ПРАВДАТА Е ВАШЕ ПРАВО!**

*„Материјалот е подготвен со финансиска поддршка од The Kvinna till Kvinna Foundation и Шведска. Содржината е единствена одговорност на Организација Жена Делчево и во никој случај не ги одразува ставовите на The Kvinna till Kvinna Foundation и Шведска.“*

KVINNA KVINNA
Sweden Sverige

Проектот е финансиски поддржан од:

# Вашето Право на ПРАВДА

СЕКОЈ ГРАЃАНИН ЗАСЛУЖУВА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА



## ОРГАНИЗАЦИЈА ЖЕНА ДЕЛЧЕВО

+389 70 441 718
ozdelcevo@gmail.com
zenadelcevo.org.mk

## БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Бесплатна правна помош е помош одобрена и финансирана од државата, а наменета е за ранливите категории граѓани во форма на Примарна и Секундарна правна помош.

Бесплатната правна помош може да се оствари во две форми: примарна и секундарна правна помош.

ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ опфаќа правно информирање, советување, упатување и помош при пополнување на формулари и претставки.

СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ опфаќа помош за лица на кои им е неопходно водење судски, управни и управно судски постапки и кои ги исполнуваат условите, а вклучува:

- правна помош од адвокат за застапување и составување на писмено барање;
- ослободување од судски такси и трошоци поврзани со постапката пред суд;
- ослободување од трошоците за вештачење;
- ослободување од административни такси;

### Примарна правна помош

Право на примарна правна помош имаат сите физички лица кои имаат живеалиште или престојувалиште на територијата на Република Северна Македонија.

**Примарната правна помош вклучува:**

- Информација и совет за условите и постапката како може да се користи бесплатната правна помош.

- Информација за начинот, условите и постапката за остварување на определено право или интерес и исполнување на конкретна обврска и упатување до надлежен орган или надлежен суд.

- Претставки до Комисијата за заштита од дискриминација и до Народниот правобранител и барања за заштита на слободи и права до Уставниот суд.

- Совет за начинот и можностите за решавање на правното прашање, за вонсудско решавање, за правилата и трошоците на постапката, за извршувањето на одлуките на постапката.

*Правото на бесплатна правна помош произлегува од правото на еднаквост на сите граѓани пред Уставот и законите во остварување и уживање на слободите и правата.*

Помош при пополнување на формулари, обрасци:

- Издадени од управен орган во управна постапка за социјална заштита и заштита на правата на децата;
- Од пензиско, инвалидско и здравствено осигурување;
- За заштита на жртви на родово базирано насилство и семејно насилство;
- За постапка за упис во матична книга на родени;
- За стекнување со документи за лична идентификација и државјанство.

**Секундарна правна помош се добива кога лицето исполнува:**

- Услови во однос на приходот
- Услови во однос на имотот
- Барањето е оправдано

Барање се поднесува до надлежното подрачно одделение на Министерството за правда: лично, преку пошта или преку овластено здружение.